Бр./Nr 12-970/4
06-08-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-970/1 од 04.03.2024 година, во врска со сет на текстови на предлог закони кои Владата на Република Северна Македонија ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија во изборниот период во 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметните наводи веќе постапиле други надлежни органи, Основното јавно обвинителство – Скопје кое имало донесено јавнообвинителска одлука.

Предметот со број 12-970/1 од 04.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на група професори, на ден 04.03.2024 година, поднесена е пријава во врска со сет на текстови на предлог закони кои Владата на Република Северна Македонија ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија во изборниот период во 2024 година и оформен е предмет број 12-970/1 од 04.03.2024 година. Пријавата истовремено е доставена и до Основното јавно обвинителство Скопје, Државно правобранителство, Министерство за внатрешни работи, Државен завод за ревизија, Уставен суд на Република Северна Македонија, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги, Комисија за заштита на конкуренцијата, АД "Електрани на Северна Македонија",

Дирекција на технолошки индустриски развојни зони, Собрание на Република Сеерна Македонија и до Претседателот и Членовите на Работното тело: Комисија за економски прашања.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека од страна на Владата на Република Северна Македонија биле предложени текстови на предлог закони кои истите се доставени до Собранието на Република Северна Македонија и тоа:

-Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект ---------------------------, по скратена постапка;

-Предлог на закон за реализација на Стратешкиот инвестиционен проект --------------------------- и Договор за стратешки инвестиционен проект -------------------- по скратена постапка;

-Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект ----------------, по скратена постапка и

-Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект -------------------------, по скратена постапка, и многу други закони кои може да се најдат на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање до Основното јавно обвинителство-Скопје, со цел обезбедување информација дали во Основното јавно обвинителство се води постапка за изнесените наводи во пријавата.

По барањето е добиено известување од кое ДКСК констатира дека Основното јавно обвинителство Скопје оформил предмет РО бр.----------- година, по доставена Претставка за заштита на јавниот интерес утврден со уставот и законите.

Постапувајќи по истата, Основното јавно обвинителство Скопје на 10.05.2024 година имало донесено Одлука – Резолуција, за непреземање на јавнообвинителска интервенција, бидејќи не било утврдено постоење на основано сомнение за сторено кривично дело кое се гони по службена должност. Во конкретниот случај, предмет на претставката се идни неизвесни настани, односно идно потпишување на „Договор за државна помош", „Договор за откуп на електрична и топлинска енергија", „Договор за гаранции", „Договор за закуп на градежно земјиште", кои по донесување на Законот за --------------------би биле потпишани и кои би нанеле огромни финансиски штети на РСМ, нејзиниот буџет и граѓаните. Но, во конкретниот случај, ниту е изгласан споменатиот закон, ниту биле потпишани Договори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и -------------------, односно не можело да стане збор за конкретно случен правен настан, кој би бил предмет на кривично правна обсервација.

Со оглед да, предмет на претставката се идни неизвесни настани, кои зависат од донесување на посебен закон, кој сеуште не е донесен, ниту е познато дали овој закон ќе биде донесен од Собранието на Република Северна Македонија, во која форма и со каква содржина, обвинителството не можело да се впушта во испитување на околности за настани кои не се случиле, и не е познато дали ќе се случат, ниту да испитува потенцијално сомневање за можен обид за кривично дело поврзано со корупција, кое не настанало.

Од горенаведеното, ДКСК оцени дека по предметните наводи веќе постапило Основното јавно обвинителство Скопје. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата